СИНДИКАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МЕПСО

МЕСО на РМ Синдикална организација на
МЕПСО 1
Бр. 0202-14/3
11.05 2020 год.
СКОПЈЕ

И З В Е Ш Т А Ј

ЗА РАБОТАТА НА СИНДИКАЛНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МЕПСО
2019 ГОДИНА

Скопје 2020 Година

И З В Е Ш Т А Ј

ЗА РАБОТАТА НА СИНДИКАЛНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МЕПСО СОГЛАСНО ДОНЕСЕНАТА ПРОГРАМА ЗА 2019 ГОДИНА

Врз основа на изготвената и усвоена програма на активностите на Синдикалната организација на МЕПСО во 2019 година реализирани се повеќе активности.

Пред се соглед на финансиските средства СО на МЕПСО успеа да оствари поголем дел од планираните активности, но најнапред треба да се спомене како најважен настан за нас како Синдикална орагнизација е тоа што и покрај секакви опомени и уцени се успеа од страна на УО на АД МЕПСО да се испочитува К.Д и законот за работни односи (ЗРО) во интерс на сите вработени во АД МЕПСО, со тоа што исплата на дневницата да биде според (ЗРО) и К.Д и треба да се исплаќа 8% од моменталниот просек во Републиката. Ова барање беше од причина што како СО на МЕПСО не се договоривме за потпишување на Анекс договор со работодавачот бидејќи ни беше наложено да прифатиме потпишување на Анекс со 4% од просекот во Републиката, каде долги години наназад се исплаќало по тој договор.

Покрај наведената, една од најважните работи за 2019 година, исплата на дневниците, неопходно е да ги спомнеме и другите активности на Синдикалната организација на МЕПСО за 2019 година и тоа:

- Мора да се напомене дека Синдикалната организација на МЕПСО беше организатор за дочек на Новата година на сите вработени во АД МЕПСО, земајќи ги во предвид и вработените кои не се членови во нашата СО на МЕПСО, кои беа присутни на забавата со една единствена цел да нема поделба помеѓу вработените во компанијата.

- Во пресрет на Новогодишните празници СО на МЕПСО, не ги изостави малите деца на вработените во АД МЕПСО на кои што им беа поделени пакетчиња, каде што треба да се напомене дека и во овој момент Синдикалната организација на МЕПСО не направи поделба, така да и децата на вработените кои не се членови во СО на МЕПСО добија пакетчиња, но за жал другата Синдикална организација подели пакетчиња само на деца чии родители се членови само во таа СО, каде се направи видна поделба помеѓу вработените.

- Во пресрет на Новогодишните празници ИО на Синдикалната организација на МЕПСО, одлучи во овој случај само на своите членови да им подели пакет со прехрамбени продукти, поточно млечни производи, со цел да се продолжи традиција која многу години наназад е прекината.

- Во почетокот на 2019 година да напоменеме дека како СО на МЕПСО, земавме учество во организација на традиционалното делење на Бадниковото лепче кое се организира секоја година во Управната зграда на АД МЕПСО, со финасиска помош на бадниковите кумови и набавка на пијалоци.

- Како и секоја година така и 2019 од страна на СО на МЕПСО беа наградени вработените кои Новогодишната ноќ ја поминаа на своето работно место.

- Во текот на 2019 година Синдикалната организација на МЕПСО, за најмалите деца на членови во СО на МЕПСО обезбеди влезници за детските фестивали Поточиња и Златно Славејче 2019.

- По повод 8 – Мартовскиот ден на жената Синдикалната организација на МЕПСО, подели вредносни ваучери на сите жени вработени во АД МЕПСО и уплати парични средства на трансакциска сметка само на жените членови во СО на МЕПСО. По овој повод 8 – Март,за жените од регионалните делови на регион Битола и Охрид, СО на МЕПСО во текот на месец Март организираше работна средба и дружење со цел што подобро да се запознаат членовите и дадат предлози до СО на МЕПСО за нивна заштита.

- По повод велигденските празници се поделија вредносни бонови за прехрамбени продукти на членовите во Синдикалната организација на МЕПСО.

- По покана од Синидикатот на Црногорскиот Електропреносен Систем во Април месец претставници од СО на МЕПСО и Претседателот на МЕСО-МЕСИ оствариј работна средба за соработка каде се разменија искуствата во работењето на двата синдиката, за зштита и правата на вработените согласно Колективните Договори и Статути на Синдикатите. Со истата посета Синдикалната организација оствари средба со Македонскиот Амбасадор на Република Северна Македонија во Република Црна Гора.

- Во рамките на Синдикатот МЕСО-МЕСИ, беа остварени семинари и посети на други синдикати кои посети ни послужија за размена на искуства во водење на сидникатите, почитување на законите, а особено за заштита на членовите во Синдикатите.

- Во почетокот на месец Јуни 2019 година како Синдикална организација на МЕПСО, за првпат по покана на Синдикатот на Црногорскиот Електропреносен Систем, СО на МЕПСО зема учество на 9 (деветите) работнички спортски игри на Електропреносните Компании од Југоисточна Европа кои се одржаа во Сутоморе - Република Црна Гора, каде СО на МЕПСО беше единствен претставник од РСМ.

- Соглед на Синдикатот МЕСО – МЕСИ кој е наш претставник а врз основа на добиената покана од страна на Националната Федерација на Енергетичари КНСБ – Бугарија за учество на 17 – Национални работнички спортски игри Албена 2019 година, Синдикалната организација на МЕПСО во организација со МЕСО – МЕСИ , а соглед на освоеното Прво место во Пинг Понг Сутоморе 2019 година Со на МЕПСО зема учество и на овие меѓународни работнички спортски игри Албена 2019 година, кои беа организирани во период од 11.09.2019 до 14.09.2019 година.

- Во рамките на годишната програма на АД МЕПСО, од областа на општествена одговорност АД МЕПСО даде подршка на иницијативата на град Скопје, со цел да се набават садници кои беа засадени во почетокот на месец Јуни. Како Со на МЕПСО земавме учество во организацијата да се обезбедат маици и истите да се испечатат со логото на АД МЕПСО и се набавија освежителни напитоци за сите што беа учесници во оваа акција .

- Во месец Август 2019 година, во посета на СО на МЕПСО на работна средба присуствуваше Преседателот на Синдикат на ЕМС – Република Србија, каде особено ни беше чест и задоволство неговото присуство, бидејќи на оваа средба се разменија многу искуства за работата на двата синдиката, пред се за правилата на водењето, законите и заштитата на членовите во Синдикалните организации. Во рамките на средбата Претседателот на Синдикат на ЕМС, оствари средба и со Претседателот на МЕСО – МЕСИ на РМ.

- Кон крајот на месец Септември по покана на Претседателот на МЕСО и Претседателот на РЕК Битола, СО на МЕПСО беше поканета како гостин да присуствува на Работничките Спортски Игри кои беа организирани од страна на ЕСМ во Стугага-(Ливадиште 2019 година).На Спортските игри беа поканети и Синдикати надвор РСМ, каде СО на МЕПСО оствари работна средба со претставници од Синдикатот на Електропреносниот Оператор на Косово.

- Кон крајот на годината месец Октомври по покана на Претседателот на синдикатот на ЕСО – Електроенергетски Систем Оператор Република Бугарија, Претседателот на СО на МЕПСО и членови од ИО и НО учествуваа на работен состанок со Претседателите на синдикатите на Електропреносните Компании од Југоисточна Европа, Банско 2019 година. Состанокот беше со цел да се одреди терминот и да се разгледа програмата за наредните по ред 10 (десети) работнички спортски игри кои треба да се одржат во Албена 2020 година.

- Од страна на СО на МЕПСО согласно предвидената програма и К.Д на АД МЕПСО, во Република Бугарија – Банско, во текот на месец Ноември се организираа превентивни одмори за работници а членови во СО на МЕПСО, кои работат на особено тешки, напорни и опасни работни места.

- За потребите на членовите во СО на МЕПСО во текот на 2019 година се склучиа повеќе договори со фирми за отплата на рати од плата по поволни услови.

- Во текот на 2019 година доделени се позајмици и финансиска помош на членови во СО на МЕПСО.

- Во соработка со АД МЕПСО обезбедивме видео камера за потребите на управната зграда и се помогна за естетско уредување на Кабинетот на Генералниот Директор.

- На барање на членовите за спорт и рекреација во текот на 2019 година се обезбедија сали за спортување, фитнес сала за вежбање, сала за билијард, сала за мал фудбал, сала за стрелаштво, а исто така се обезбеди и сала за мал фудба за членовите на СО на МЕПСО регинален дел Неготино и Кавадарци.

- Како Синдикална организација земавме учество во мал фудбал- Бизнис лига 2019.

- Во рамките на Синдикалната организација се обезбедија пропусници за спортски риболов на членови во СО на МЕПСО.

- Од страна на Претседателот и дел од ИО на СО на МЕПСО во текот на 2019 година беа остварени средби и состаноци со членовите на Синдикалната организација по региони низ Републиката во рамките на АД МЕПСО.

Во врска со информирањето на членството истото се реализираше преку лични контакти со членовите, одржување на состаноци, информирање преку огласни табли, направена е меил група на сите членови во СО на МЕПСО и изготвена е ВЕБ страна на Со на МЕПСО која е достапна за секого.

Освен овие активности секако треба да се потенцира и спомне активноста на СО на МЕПСО во рамките на МЕСО – МЕСИ на РМ чија членка сме, и тоа особено во учество на разни средби ,советувања,семинари и меѓународни средби на синдикати и сл.

МЕСО - МЕСИ
Претседател
Драге Јованоски

Синдикална организација на
МЕПСО
Претседател
Горан Стојановски